Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014) и член 47 став 5 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2012, 138/2012, 164/2012, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 119/2013 и 34/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на ден 06.08.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на лековите кои може да ги пропишуваат лекари во дежурна служба

### Член 1

Лекови кои може да ги пропишува на рецепт дежурниот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом, се следните лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Листа на лекови):

| **Генеричко име на лек - INN** | **Фармацевтска дозажна форма** | **Јачина** |
|---|---|---|
| Ranitidine | таблети | СРЈ |
| Metoclopramide | раствор за орална употреба | СРЈ |
| Metoclopramide | таблети | СРЈ |
| Carbo medicinalis | Таблети/гранули | СРЈ |
| Nifuroxazide | суспензија | СРЈ |
| Nifuroxazide | капсули | СРЈ |
| Glyceryl trinitrate | сублингвален спреј | СРЈ |
| Glyceryl trinitrate | лингвалети | СРЈ |
| Glyceryl trinitrate | капсули/капсули со продолжено ослободување | СРЈ |
| Furosemide | таблети | СРЈ |
| Nifedipine | таблети/ капсули/ таблети со продолжено ослободување/таблети со модифицирано ослободување | СРЈ |
| Aciclovir | крем | СРЈ |
| Trospium | таблети | СРЈ |

| | | |
|---|---|---|
| Amoxicillin | суспензија | СРЈ |
| Amoxicillin | капсули/ таблети | СРЈ |
| Cefalexin | суспензија | СРЈ |
| Cefalexin | капсули | СРЈ |
| Sulfametrole+trimethoprim | суспензија | СРЈ |
| Sulfametrole+trimethoprim | таблети | СРЈ |
| Ciprofloxacin | таблети | СРЈ |
| Aciclovir | таблети | СРЈ |
| Diclofenac | капсули/ таблети/таблети со продолжено ослободување/ капсули со продолжено ослободување/ таблети со модифицирано ослободување | СРЈ |
| Ketoprofen | таблети/ капсули/таблети со продолжено ослободување | СРЈ |
| Paracetamol | сируп | СРЈ |
| Paracetamol | таблети | СРЈ |
| Diazepam | таблети | СРЈ |
| Salbutamol | аеросол | СРЈ |
| Salbutamol | раствор за инхалирање | СРЈ |
| Salbutamol | сируп | СРЈ |
| Salbutamol | таблети | СРЈ |
| Cetirizine | раствор за орална употреба | СРЈ |
| Cetirizine | таблети | СРЈ |
| Dexamethasone+Chloramphenicol | капки за очи | СРЈ |
| Ciprofloxacin | капки за око и уво | СРЈ |

*Напомена: СРЈ – сите регистрирани јачини на лекот во РМ (лекови во промет согласно Законот за лекови и медицински помагала). Кратенката за јачина на лекот е согласно Листата на лекови.*

**Член 2**

При пропишувањето на лекови од член 1 на оваа Одлука на рецептен образец за пропишување на лек на товар на ФЗОМ, дежурниот лекар е должен во целост да ја применува важечката Листа на лекови за примарна здравствена заштита, односно дежурниот лекар е должен да ги почитува и ограничувањата дадени за овие лекови согласно Листата на лекови.

**Член 3**

Приватните здравствени установи аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОМ, реализираните рецепти согласно прописите за лекови од член 1 од оваа Одлука кои се пропишани од лекари од дежурни служби, ги доставуваат до Фондот во посебна фактура.

Фактурираниот износ за овие рецепти не е вклучен во определениот месечен износ (квота) за определена здравствена установа аптека – организациона единица.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 2014 година.

Со денот на почетокот на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на лековите кои можат да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба со број 02-22422/7 донесена од Управниот одбор на 7 декември 2012 година.

Усвоено од Управниот одбор на ден 06 август 2014 година

**Број: 02-13386/2**
**08-08-2014 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Заменик на претседателот,**
**Ангел Митевски**

Изработил: Ирена Барутоска ИБ.

Контролирал: Христо Трповски

Согласен: Кристина Христова

Одобрил, директор: м-р Маја Парнарџиева Змејкова

Џемали Мехази, Xhemali Mehazi